**Овој формулар ги содржи податоците потребни за да се постави производ на веб страна**

| | |
|---|---|
| **Означете во која категорија спаѓа производот:** | |
| **Граничен производ** | |
| **Означете за каков АТС производ се работи:** | |
| | |
| **Назив на производот:** | **Англиски назив на производот:** |
| **CANNABO**<br>**крем за раце** | **CANNABO**<br>**hand cream** |
| **Генерика** | |
| **CBD (Cannabidiol)** | |
| **Доза:** | **Доза англиски:** |
| **Крем за раце 50 mg CBD/50 ml** | **Hand cream 50 mg CBD/50 ml** |
| **Упатство:** | |

**ИМЕ НА ГРАНИЧНИОТ ПРОИЗВОД**
**CANNABO**
**крем за раце**

**СОСТАВ**
50 ml CANNABO крем за раце содржи природен екстракт од канабис кој обезбедува
50 mg CBD (Cannabidiol екстрахиран од растението коноп).

**ШТО ПРЕТСТАВУВА CANNABO крем за раце И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА**
CANNABO крем за раце содржи канабидиол (CBD), односно маслен екстракт од растението коноп добиен со суперкритична $CO_2$ екстракција, со докажано отсуство на хербициди и пестициди.
CANNABO крем за раце не содржи THC (9-delta tetrahydrocannabinol) односно содржи во количина под 0,2%.
CBD се врзува за соодветните рецептори на ендоканабиноидниот систем во кожата и тоа на клетките од површинскиот слој на кожата (епидермис), при што се постигнува противвоспалителен и смирувачки ефект.
Кожата на рацете е директно изложена на штетното влијание на надворешната средина, што доведува до појава на сува и испукана кожа, со црвенило и чувство на печење. Со своето антиоксидативно својство, CBD ги неутрализира слободните радикали, ја зголемува отпорноста на кожата, го намалува губењето на влажноста и предвременото стареење на кожата на рацете. Со своето противвоспалително дејство, CBD го смирува црвенилото и го намалува чувството на печење на кожата на рацете и ја забрзува регенерацијата.
CANNABO крем за раце е наменет за исклучително сува, иритирана и испукана кожа на рацете и овозможува брз и долготраен заштитен ефект, како и чувство на негуваност веднаш по нанесувањето. Посебно избраните состојки на кремот со иновативна технологија што ги комбинира CBD, екстракт од цвет од невен, витамин Е и пантенол, ги смируваат иритациите. Екстрактот од цвет од невен го поттикнува заздравувањето и обновувањето на кожата, го намалува воспалението и спречува оштетување на ткивата. Витаминот Е ги штити епидермалните липиди, како и колагенските и еластинските влакна

на кожата од штетното влијание на околината и ја измазнува и омекнува кожата. Пантенолот има навлажнувачки и смирувачки ефект, го намалува црвенилото и делува противвоспалително.
Оваа комбинација дава чувство на интензивна хидрираност и свежина, што се задржува долго по нанесувањето на кремот и кожата на рацете станува мека, мазна и посветла.

**ПОДАТОЦИ ЗА ПРАВИЛНА УПОТРЕБА**
Нанесете мала количина на кремот на кожата од рацете и ноктите со масирање. Користете го кремот според Вашите потреби.
Лесната формулација на кремот му овозможува брза апсорпција без да остави масни дамки или непријатно чувство на лепливост.
При употреба, треба да се избегнува контакт со очи.
CANNABO крем за раце е наменет само за надворешна употреба.

**ПОДАТОЦИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ЗНААТ ПРЕД УПОТРЕБА**
CANNABO крем за раце не треба да се употребува при пречувствителност на која било состојка на кремот.

**ПАКУВАЊЕ**
Кутија со туба со 50 ml крем и Упатство за пациентот.